БОСИЛОВО

# Република Северна Македонија
# Општина Босилово

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**Бр.** 03 - 607/19
26. 05. **2025година**

Врз основа на член 16 став став 1 и член 18 став 1 од Законот за младинско учество и младински политики(Сл.весник на Република Северна Македонија бр.10/2020) и член 41-в од Статутот на Општина Босилово (Сл.гласник бр.21/14) ,општина Босилово на ден 26.05.2025 година објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА БОСИЛОВО**

Локалниот младински совет на општина Босилово е тело кое има советодавна и застапувачка улога во општина Босилово,основан заради активно учество на младите во јавниот живот на општината,со цел подобрување на положбата на младите на локално ниво и решавање на прашања и од интерес на младите.

Со овој јавен повик СЕ ПОВИКУВААТ сите младински организации,организации за млади,политички подмладоци,ученички и студенски организации и други облици на младинско здружување кои не мора да бидат регистрирани во општина Босилово,кои имаат активности на територијата на општина Босилово,да номинираат свој/и кандидат/и на возраст од 15 до 29 години кои биле потенцијални членови на Локален младински совет на општина Босилово.

**2.Локалниот младински совет на општина Босилово брои 5 члена.**

Локалниот младински совет на општина Босилово од своите редови избира претседател и заменик претседател.Членовите на Локалниот младински совет на општина Босилово се бираат со мандат од две години.

**Начин на пријавување**

Пријавите заедно со потребните документи можат да се поднесат во Архивот на општина Босилово секој работен ден од 08,00 до 16,00 часот или по пошта на следната адреса:Општина Босилово с.Босилово бб,со назнака**"Апликација за Локален младински совет на општина Босилово".**
Апликантите задолжително треба да ги достават следните документ:

-Унифицирана пријава;
-Мотивационо писмо за учество во Локалниот младински совет;
-Извештај со наведени активности и постигнувања во работата со и за млади;
-Кратка програма и визија за сопственото учество во Советот(овој дел ќе биде составен дел од унифицирана пријава).

**Доколку организацијата која номинира кандидат за член на Локалниот младински совет на општина Босилово е член на Локалното собрание на млади на општина Босилово,согласно апликацијата не мора да поднесе мотивационо писмо ,извештај со наведени активности и програма.**

Доставените пријави нема да бидат разгледани по истекот на рокот на Јавниот повик.Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат.

**Рок на пријавување**

Јавниот повик трае 10 дена,вклучувајќи го и денот на објавувањето на веб страната на општина Босилово www.opstinabosilovo.gov.mk односно **од 26.05.2025 до 04.06.2025 година.**

Предложените кандидати,за кои организациите поднеле уредни пријави,ќе бидат поканети истите кратко да ги образложат пред членовите на Локалното собрание на млади на општина Босилово,по што ќе следува тајно гласање за избор на членови на Локалниот младински совет.

За повеќе информации околу повикот лица за контакт:

**-Мариче Кармазичева тел.075 665 816**
**- Јасна Василева тел.071 307 887**

**Општина Босилово**
**Локално младинско собрание**
**Претседавач,**

Никола Кресовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БОСИЛОВО Босилово